Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08, 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014, 44/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 27. 11 2020 година донесе

# **П Р О Г Р А М А**

за изработка на техничка документација за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација

Поставувањето,заменувањето и отстранувањето на сообраќајните знаци и заштитната опрема на јавните патишта се врши врз основа на одобрена техничка документација. Обезбедувањето на техничката документација како и нејзина реализација е опфатена со оваа Програма за 2021 година.

Во Програма за 2021 година се предвидува:

1. Изработка на техничка документација -Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски, во вредност од 60.000,00 денари.;
2. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на локалениот пат до манастир Св. Јоаким Осоговски (стар пат до собориште) во вредност од 40.000,00 денари;
3. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Наско Тамбурков (кај ООУ Илинден) во вредност од 40.000,00 денари;
4. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Пролетерска, во вредност од 40.000,00 денари;
5. Поставување на хоризонтална сигнализација на улицата Св.Јоаким Осоговски согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“, во вредност од 300.000,00 денари;
6. Поставување на вертикална сигнализација на улицата Св Јоаким Осоговски согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“,во вредност од 300.000,00 денари;
7. Поставување на хоризонтална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на локалениот пат до манастир Св. Јоаким Осоговски (стар пат до собориште) во вредност од 100.000,00 денари

8. Поставување на хоризонтална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Наско Тамбурков кај ООУ Илинден, во вредност од 100.000,00 денари
9. Поставување на хоризонтална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Пролетерска во Општина Крива Паланка, во вредност од 100.000,00 денари
10. Поставување на вертикална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај за локален пат до манастир Св. Јоаким Осоговски (стар пат до собориште) ,во вредност од 100.000,00 денари
11. Поставување на вертикална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Наско Тамбурков (кај ООУ Илинден), во вредност од 100.000,00 денари,
12. Поставување на вертикална сигнализација согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Пролетерска во Општина Крива Паланка, во вредност од 100.000,00 денари,

**За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

| | |
|---|---|
| 1. Обезбедување на техничка документација | 200.000,00 ден. |
| 2. Реализација согласно техничката документација | 1 200.000,00 ден. |
| Вкупно | 1 400 000,00 ден без ДДВ. |

Сретствата потребни за реализација на Програмата за изработка на техничка документација за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка за 2021 година во вредност од 1 400.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

Бр.09-3365/37
27.11.2020 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Изабела Павловска